# Навистина, човекот клања намаз, но од него му се запишува само десетина, деветина, осмина, седмина, шестина, петина, четвртина, третина или половина.‘“

Абдулах бин Анема раскажува: „Го видов Амар бин Јасир како влезе во џамија и клањаше намаз – но го скрати. Кога излезе, му пријдов и му реков: ‚О, Ебу Јакзан, го скрати намазот!‘ Тој одговори: ‚Дали забележа дека нешто изоставив од неговите прописи?‘ Реков: ‚Не.‘ Тој рече: ‚Тогаш, само брзав за да го одбијам заборавот кој доаѓа од шејтанот. Го слушнав Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: Навистина, човекот клања намаз, но од него му се запишува само десетина, деветина, осмина, седмина, шестина, петина, четвртина, третина или половина.‘“
[حسن] [رواه أحمد]

Амар бин Јасир, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, влегол во џамија и клањал нафиле – и тоа краток намаз. Кога излегол од џамијата, по него тргнал Абдулах бин Анема и му рекол: „О, Ебу Јакзан, те видов дека бргу го клањаше намазот!“ Амар одговорил: „Дали виде дека нешто изоставив од неговите столбови, ваџиби или услови?“ Тој рекол: „Не.“ Амар рекол: „Знај дека јас само побрзав пред да ме зафати занесувањето од шејтанот. Го слушнав Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, како вели: ‚Навистина, човекот клања намаз, но од него му се запишува само десетина, или деветина, или осмина, или седмина, или шестина, или петина, или четвртина, или третина, или половина.‘“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65468